ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СУ-02.бр.9-3/18,
13.03.2018 год.
ВЕЛЕС

Претседателот на Основен суд Велес Александар Шопов, врз основа на чл.26 ст.3 од Законот за јавни набавки, (пречистен текст објавен во Службен весник на РМ бр.27/2015 и Законите за измени и дополнувања на Законот за јавните набавки објавени во Службен весник на РМ бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/16, бр.120/16 и 165/17), а по доставеното решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2018 година од Судскиот буџетски совет на РМ бр.01-448/5 од 05.03.2018 год., на ден 13.03.2018 год. донесува:

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2018 год. НА ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката за (месец ) | Проценета вредност на договорот без ДДВ (денари) | Вид на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| | I. Договори за јавни набавки на стоки | | | | |
| 1. | Информатичка опрема и тоа:<br>- Фотокопир 1 парче,<br>- Мрежен печатач 1 парче,<br>- Печатач 3 парчиња,<br>- Комјутери 10 парчиња,<br>- Сервер disk station 1 парче,<br>- Екстерен хард диск 2 парчиња. | | Април | 400.000,00 денари | Постапка со барање за прибирање на понуди со користење на електронски средства преку ЕСЈН. |

**Образложение**

Од страна на Претседателот на судот беше донесен Годишен план за јавни набавки за 2018 година на Основен суд Велес СУ-02.бр.9-1/18 од 31.01.2018 год.

По донесувањето на Годишниот план за јавни набавки, од страна на Судски буџетски совет на РМ до Основен суд Велес доставено е решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2018 година од Судскиот буџетски совет на РМ бр.01-448/5 од 05.03.2018 год.

Имајќи ги во предвид доставеното решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2018 година од Судскиот буџетски совет на РМ, следуваше Претседателот на судот, согласно чл.26 ст.3 од Законот за јавни набавки (пречистен текст објавен во Службен весник на РМ бр.27/2015 и Законите за измени и дополнувања на Законот за јавните набавки објавени во Службен весник на РМ бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/16, бр.120/16 и 165/17), да го дополни Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Основен суд Велес.

Претседател на судот
Александар Шопов